How we help
MACEDONIAN

# КАКО ПОМАГАМЕ



ПРИРАЧНИК ЗА УСЛУГИТЕ НА DoCS

Одделот за услуги во заедницата на Нов Јужен Велс (NSW Department of Community Services - DoCS) е водечка организација во Нов Јужен Велс која нуди услуги во заедницата и најголемата агенција за заштита на децата во Австралија.

Во оваа книшка објаснети се многуте начини на кои помагаме.

## ПОМАГАМЕ ДЕЦАТА ДА БИДАТ БЕЗБЕДНИ И СЕМЕЈСТВАТА ДА БИДАТ ЗАЕДНО



Најважна работа ни е да им овозможиме на децата секогаш да бидат безбедни, да ги заштитуваме, како нив, така и нивната благосостојба.

Секоја година, пријатели, семејства и стручни лица пријавуваат илјадници деца за кои сметаат дека се изложени на опасност да бидат повредени заради злоставување или запоставување. Ние ги проценуваме овие извештаи, и ако е потребно, ги испитуваме и работиме со семејствата за да обезбедиме децата и младите да бидат безбедни. Исто така, соработуваме со други агенции, владини и невладини, за да осигураме децата и семејствата да ја примаат потребната поддршка.

Работиме на тоа да спречиме да дојде до раскинување на врската меѓу младите и родителите или ги разрешуваме проблемите. Работи како што се невработеноста, насилството дома, зависноста од алкохол или други работи, менталните или физичките болести, или тешкотиите при одгледувањето на децата можат да предизвикаат проблеми во семејството.

Преку нашите програми за спречување и рана интервенција, работиме со семејствата и се обидуваме да најдеме решенија за проблемите, директно зборувајќи со родителите и децата. Ако е можно, сакаме да ги вклучиме браќата, сестрите, бабите, дедовците или другите членови на семејството. Најважно ни е да им помагаме на семејствата да останат заедно.

Ако младото лице не може да се врати дома затоа што тоа не е безбедно, можеме да организираме тој/таа да престојува на некое друго место - со старател или во средина под надзор, на пример, во дом за млади.

Ако мислите дека некој што го познавате - дури и вашето сопствено дете - е изложен на опасност да биде повреден на било каков начин, ве молиме телефонирајте на Телефонската линија за помош на DoCS (DoCS Helpline).

Младите, на кои им се потребни информации и совети, можат да телефонираат на Телефонската линија за помош на деца (Kids Help Line), а родителите на кои им треба поддршка можат да телефонираат на Телефонската линија за родители (Parent Line).

Секое лице кое е изложено на домашно насилство може да телефонира на Телефонската линија на DoCS за домашно насилство (Domestic Violence Line).

На овие телефонски броеви можете да се јавите бесплатно во било кое време, од било каде во државата.

**DoCS Helpline 132 111**
**TTY* 9633 7698**

**Kids Help Line 1800 551 800**

**Parent Line (Centacare) 132 055**

**Domestic Violence Line 1800 656 463**
**TTY* 1800 671 442**

** TTY е уред за телефонирање кој им помага на луѓето со оштетен слух.*

Ако сакате да дознаете повеќе за услугите што ги нуди одделот DoCS во вашата област, ве молиме телефонирајте во најблискиот DoCS-центар за услуги во заедницата (CSC). Имаме повеќе од 80 CSC центри во Нов Јужен Велс, кои обично се наоѓаат во градските центри или во нивна близина, или во трговските центри во населбите.

DoCS
NSW Department of Community Services

# ГИ ЗГРИЖУВАМЕ ДЕЦАТА КОИ НЕ МОЖАТ ДА ЖИВЕАТ СО СВОИТЕ СЕМЕЈСТВА



## Згрижувањето на децата надвор од семејството е главниот начин на кој се грижиме за децата кои не можат да живеат со своите семејства.

Згрижувањето го обезбедуваме со нашите партнери од заедницата. Тоа се агенции, на пример, Centacare, Burnside и Barnardos.

Згрижувањето надвор од семејството, на децата кои од различни причини не можат да живеат со своите родители, им нуди безбеден, спокоен и удобен семеен живот. Децата може да се згрижат со други членови од семејството или со поширокото семејство (во абориџинските заедници, ова се вика 'роднинско згрижување'), со друго семејство каде се дадени на чување или во воспитен дом.

Нашата цел е повторно да ги обединиме децата со нивните родители, ако е можно тоа, така децата се згрижени само за кратко време. Ако не успеееме да ги обединиме децата со родителите, ќе најдеме семејство кое долгорочно ќе се грижи за детето или младото лице.

Секогаш ни требаат повеќе старатели на кои можеме да им дадеме деца на чување. Овие старатели се крајно значајни за одржување на врската меѓу детето што го чуваат и неговото сопствено семејство.

Ако сакате да станете старател кој ќе се грижи за туѓи деца, или ако сакате да добиете повеќе информации во врска со чувањето на туѓи деца, ве молиме телефонирајте во најблискиот DoCS-центар за услуги во заедницата.

Телефонските броеви за секоја канцеларија на одделот DoCS ќе ги најдете на стр. 5-6 во оваа книшка.

# ИМ ПОМАГАМЕ НА ЛУЃЕТО КОИ СЕ ОДВОЕНИ ОД СОПСТВЕНИТЕ СЕМЕЈСТВА ДА ГИ НАЈДАТ СВОИТЕ ДОКУМЕНТИ



## Им помагаме на луѓето кои сме ги згрижиле или кои биле посвоени да најдат податоци и документи.

Поранешните штитеници на државата, или луѓето кои биле социјално згрижени под контрола на Министерот за услуги во заедницата, имаат право да ги видат документите кои се чуваат во Одделот, зошто тие биле дадени на чување и за времето што го поминале како социјално згрижени лица. Оваа услуга е бесплатна. Овие документи може да ви ги обезбеди персоналот во локалниот DoCS-центар за услуги во заедницата.

Луѓето кои биле усвоени и нивните крвни сродници можат да добијат информации за усвојувањето, ако имаат право на тоа според Законот за усвојување од 2000 г. (Adoption Act 2000). Ако сакате да дознаете дали имате право да ги видите овие податоци, телефонирајте во Службата за информации за семејства (Family Information Service) при Канцеларијата на службите за усвојување и постојано згрижување (Adoption and Permanent Care Services Branch) на 8855 4900.

**Служба за слобода на информации (Freedom of Information Unit) 9716 2662**

# НУДИМЕ И ОРГАНИЗИРАМЕ УСВОЈУВАЊЕ НА ДЕЦА

## Го координираме усвојувањето на деца за Нов Јужен Велс - за деца родени во Австралија или во странство, наоѓаме соодветни семејства во кои ги сместуваме и нудиме поддршка при тоа.

Усвојувањето на деца ги организираат DoCS и акредитираните агенции за усвојување на деца, на пример, Barnardos, Centacare и Anglicare. Нив законски ги озваничува Врховниот суд на Нов Јужен Велс.

Одделот DoCS организира усвојување на деца од странство. Детални информации можете да најдете на нашите Интернет страни: www.community.nsw.gov.au под 'Усвојување на деца'.

**Adoption and Permanent Care Services 8855 4900 или бесплатно на 1800 049 956**

# ГИ ГРАДИМЕ И РАЗВИВАМЕ ЗАЕДНИЦИТЕ



## Имаме различни програми со кои ги градиме и зајакнуваме заедниците.

**'Семејствата се на прво место' (Families First)** - севладина стратегија со цел да им се помогне на родителите и старателите да им овозможат на своите деца добар почеток во животот. Одделот DoCS финансира голем број на услуги на поддршка, вклучувајќи ги домашните посети од страна на доброволци и средби на родители и деца. Одделот за здравство на Нов Јужен Велс (NSW Health) ги финансисира сите домашни посети на медицински сестри за деца на претшколска возраст, додека Одделот за образование и обучување (Department of Education and Training) е вклучен во програмите за поаѓање на училиште. За повеќе информации, посетете ги Интернет страните www.familiesfirst.nsw.gov.au.

**'Подобра иднина' (Better Futures)** има за цел да им помогне на младите на возраст од 9 до 18 години да бидат во постојан контакт со образованието, нивните заедници и семејства. Ова е взаемна стратегија на владите со која се поддржува здравиот и безбеден премин во светот на возрасните.

**'Стратегија за деца, млади и семејства од абориџинско потекло' (Aboriginal Child, Youth and Family Strategy)** - нуди голем број на програми за поддршка за абориџинските деца и млади од раѓање до 18 години и ги подржува планирањето и иницијативите на локалните заедници.

**'Градители на заедницата' (Community Builders)** - интерактивни Интернет страни на кои луѓето можат да разменуваат информации за иновативни проекти во заедницата и каква помош може да се добие од владата. Посетете ги на www.communitybuilders.nsw.gov.au.

**'Зајакнување на заедниците' (Strengthening Communities)** - исполнуваат различни иновативни проекти во областа на раководењето и ангажирањето во заедницата, колективната социјална одговорност и истражување, кои имаат за цел да промовираат поцврсти локални заедници.

**'Стратегија за намалување на насилството врз жените во Нов Јужен Велс' (NSW Strategy to Reduce Violence Against Women)** - севладина стратегија да се намали толерирањето на насилството врз жените со стратегии за подучување и спречување и со подобрување на координирањето на агенциите како реагираат кон насилството.

**'Програма за помош на подрачја' (Area Assistance Scheme)** - секоја година на организациите во заедницата и општините им нуди околу 10 милиони долари за проекти со кои се зајакнуваат заедниците и кои помагаат во изградбата на праведно и рамноправно општетство.

**'Стратегија за решенија и спречување на криминалот во заедниците' (Community Solutions and Crime Prevention Strategy)** - преку која беа обезбедени 50 милиони долари во период од пет години за повеќе од 250 проекти со цел да се изнајде иновативно решение за работите кои влијаат на заедниците, посебно за спречување на криминалот.

# ИМ ПОМАГАМЕ НА ЛУЃЕ КОИ ПРЕТРПЕЛЕ ПРИРОДНИ И ДРУГИ КАТАСТРОФИ



## За време на ургентни ситуации, на пример, шумски пожари, поплави, големи невремиња или змејотреси, ги координираме услугите со нашите партнери од заедницата, на пример, Армијата на спасот (The Salvation Army), Adra, Црвен крст (Red Cross), Anglicare и St Vincent de Paul.

Обезбедуваме итна помош и поддршка за да им помогнеме на луѓето колку што можат побргу да се вратат во нормален живот. Ова вклучува храна, облека, сместување и итна парична помош. Исто така можеме да организираме парична помош за подолго време за да помогнеме домовите да бидат безбедни и погодни за живеење.

# НУДИМЕ ПОДДРШКА ЗА ДА ИМ ПОМОГНЕМЕ НА БЕЗДОМНИТЕ ЛИЦА

## Преку заедничката Програма на државите и сојузната влада за помош и поддршка при сместување (Supported Accommodation Assistance Program - SAAP), управуваме со најголемата програма за помош на бездомни лица во Австралија.

Програмата SAAP ги поддржува луѓето кои немаат дом или кои се изложени на опасност да останат без дом со цел да им помогне да се осамостојат. Нудиме голем број услуги преку невладини агенции, вклучувајќи сместување, за да им помогнеме на луѓето повторно да станат независни.

Во Нов Јужен Велс има над 400 SAAP-проекти во заедниците за поддршка на млади, самци (мажи и жени) и семејства, како и на жени и деца кои бегаат од насилството дома.

**Државен центар за помош при катастрофи (State Disaster Recovery Centre) 8855 5111 или бесплатно на 1800 018 444**

**Информативен центар за бездомни лица (Homeless Person's Information Centre) 9265 9639 или бесплатно на 1800 234 566**

**Телефонска линија за сместување на млади во итни случаи (Youth Emergency Accommodation Line) 9318 1531 или бесплатно на 1800 424 830**

**Абориџинска корпорација за бездомни лица и Служби за рехабилитација во заедницата (Aboriginal Corporation for Homeless and Rehabilitation Community Services) 9799 8446**

# ФИНАНСИРАМЕ И ОРГАНИЗИРАМЕ УСЛУГИ ЗА ДЕЦА, НА ПРИМЕР, ГРАДИНКИ И ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ



## Обезбедуваме голем број на услуги за деца што им стојат на располагање на сите семејства и што одговараат на нивните потреби.

Во услугите се вклучуваат градинки, центри за целодневен престој, центри за престој на деца пред и после настава, центри за повремен престој и центри за престој на деца за време на школски распусти.

Во областите во внатрешноста можеме да помогнеме да се отворат повеќенаменски и подвижни центри за услуги за деца.

Им даваме дозвола за работа на центрите за детски услуги во Нов Јужен Велс и ги утврдуваме стандардите според кои мора да работат сите центри за детски услуги.

Исто така ја финансираме Службата за информации и упатување во врска со дневен престој на деца и семејства, од која можете да добиете повеќе информации за центрите за детски услуги во Нов Јужен Велс.

Посетете ги нашите Интернет страни на www.community.nsw.gov.au за информации како да изберете центар за дневен престој на деца.

Ако имате прашања во врска со услугите за деца во вашата област, на следната страна ќе ги најдете телефонските броеви на регионалните канцеларии на DoCS.

**Служба за информации и упатување во врска со дневен престој на деца и семејствата (Child Care and Family Information and Referral Service) 8594 4244 или бесплатно на 1800 803 820**

# ТЕЛЕФОНСКИ БРОЕВИ



**За да пријавите злоставување и запоставување на деца, телефонирајте на Телефонската линија за помош на DoCS на 132 111, 24 часа во денот, 7 дена во неделата.**

## Регионални канцеларии на DoCS

Дирекција Телефонска централа 9716 2222 (8.30 ч. наутро - 5.00 ч. попладне)

4-6 Cavill Avenue Ashfield 2131
Locked Bag 28 Ashfield NSW 1800

Ве молиме, обрнете внимание: Позивниот број за сите телефонски броеви во оваа книшка е 02, освен ако е даден друг позивен број.

### Metro Central Region

| | |
|---|---|
| Redfern | 8303 7600 |

### Metro South West Region

| | |
|---|---|
| Bankstown | 9205 1500 |

### Metro West Region

| | |
|---|---|
| Blacktown/ | 9830 1000 |

### Baulkham Hills

| | |
|---|---|
| Cumberland | 9630 0199 |
| Nepean | 4729 8200 |

### Hunter & Central Coast Region

| | |
|---|---|
| Central Coast | 4336 2401 |
| Hunter | 4944 4100 |

### Northern Region

| | |
|---|---|
| Ballina | 6686 1999 |
| Mid-North Coast | 6563 1440 |
| New England | 6774 9800 |

### Southern Region

| | |
|---|---|
| Illawarra | 4254 0309 |
| Southern Highlands | 6298 9999 |

### Western Region

| | |
|---|---|
| Central West | 6361 7006 |
| Orana Far West | 6841 3250 |
| Wagga Wagga | 6937 9400 |

## DoCS-центри за услуги во заедницата

| | |
|---|---|
| Albury | 6024 8700 |
| Armidale | 6774 8555 |
| Auburn | 9643 2377 |
| Ballina | 6686 6699 |
| Bankstown | 8713 7800 |
| Batemans Bay | 4472 4678 |
| Bathurst | 6331 9500 |
| Bega | 6492 3888 |
| Blacktown | 9830 1000 |
| Bourke | 6872 2188 |
| Bowral | 4861 1744 |
| Burwood | 8372 9000 |
| Brewarrina | 6839 2482 |
| Broken Hill | (08) 8087 2844 |
| Campbelltown | 4621 5600 |
| Campbelltown West | 4621 5600 |
| Cardiff | 4953 5999 |
| Cessnock | 4990 1277 |
| Charlestown | 4943 8811 |
| Chatswood | 9406 9777 |
| Clarence Valley (Grafton) | 6643 2526 |
| Cobar | 6836 1360 |
| Coffs Harbour | 6659 1555 |
| Condobolin | 6895 4133 |
| Cooma | 6450 2888 |
| Coonabarabran | 6842 2000 |
| Coonamble | 6822 2395 |
| Cootamundra | 6942 1555 |
| Corrimal | 4285 3399 |
| Cowra | 6341 1855 |
| Dareton | (03) 5027 4027 |
| Deniliquin | (03) 5881 1711 |
| Dubbo | 6884 5877 |
| Eastern Sydney | 8303 7688 |
| Epping | 9815 0700 |
| Fairfield | 9205 6000 |
| Glen Innes | 6732 4925 |
| Gosford | 4336 2400 |
| Goulburn | 4828 5500 |
| Griffith | 6961 8500 |
| Ingleburn | 9829 2400 |
| Inverell | 6721 0299 |
| Katoomba | 4782 3066 |
| Kempsey | 6562 1385 |
| Lakemba | 9704 7100 |
| Leeton | 6953 3611 |
| Lismore | 6621 8099 |
| Lithgow | 6351 4688 |
| Liverpool | 9602 8044 |
| Maitland | 4933 6488 |
| Moree | 6750 7300 |
| Mount Druitt | 9625 7000 |
| Mudgee | 6372 8292 |
| Muswellbrook | 6543 2455 |
| Narrabri | 6792 4663 |
| Newtown | 8303 7666 |
| Nowra | 4422 1555 |
| Nyngan | 6832 1308 |
| Orange | 6361 3299 |
| Parkes | 6862 1422 |
| Parramatta | 8855 4800 |
| Penrith | 4731 6222 |
| Port Macquarie | 6583 3622 |
| Queanbeyan | 6299 1111 |
| Raymond Terrace | 4987 1022 |
| Richmond | 4578 4744 |
| St George | 9585 7222 |
| St Marys | 9673 4777 |
| Shellharbour | 4255 6666 |
| Sutherland | 9542 1111 |
| Tamworth | 6766 3735 |
| Taree | 6552 1577 |
| Tumut | 6947 4100 |
| Tweed Heads | (07) 5569 9330 |
| Ulladulla | 4454 7744 |
| Wagga Wagga | 6937 9300 |
| Walgett | 6828 1409 |
| Wilcannia | (08) 8091 5050 |
| Wollongong | 4254 0346 |
| Wyong | 4353 2855 |
| Yass | 6118 6311 |

## DoCS служби

| | |
|---|---|
| Adoption and Permanent Care Services | 8855 4900, 1800 049 956 |
| Domestic Violence Line (24 hours) | 1800 656 463 |
| Helpline (24 hour child protection service) | 132 111 |
| Hunter Foster Care Recruitment Team/Youth Support Team | 4903 9555 |
| Kings Cross Adolescent Service (KXAS) | 8374 8022 |
| Metro South East Foster Care Team/Intensive Support Service | 9245 1741 |
| Montrose Child Protection Unit | 9406 9777 |
| State Disaster Recovery Centre (9am – 5pm) | 8855 5111, 1800 018 444 |

## Други важни телефонски броеви и Интернет страни

| | |
|---|---|
| Aboriginal Corporation for Homeless and Rehabilitation Community Services | 9799 8446 |
| Alcohol and Drug Information Services (24 hours) | 9361 8000, 1800 422 599 |
| Child Care and Family Information | 8594 4244 , 1800 803 820 |
| Children's Employment | 9025 4200 |
| Commission for Children and Young People | 9286 7276 www.kids.nsw.gov.au |
| Department of Family and Community Services (Commonwealth) | 1300 653 227 |
| Family Support Services Association | 9743 6565 |
| Homeless Person's Information Centre | 9265 9639 |
| Kids Help Line | 1800 551 800 |
| Lifeline (24 hours) | 131 114 |
| Office of the Children's Guardian | 9025 4200 www.kidsguardian.nsw.gov.au |
| Parent Help Line (Tresillian) | 9787 0855, 1800 637 357 |
| Parent Line (Centacare) | 132 055 |
| Translating and Interpreting Service | 131 450 |
| 20/10 Gay and Lesbian Youth Services (24 hours) | 9552 6130, 1800 652 010 |
| Youth Emergency Accommodation Line (24 hours) | 9318 1531, 1800 424 830 |

www.community.nsw.gov.au
www.communitybuilders.nsw.gov.au
www.youth.nsw.gov.au
www.parenting.nsw.gov.au
www.familiesfirst.nsw.gov.au
www.aboutdaterape.nsw.gov.au

Телефонските линии кои се отворени 24 часа и на кои можете да се јавите во итни случаи се наоѓаат на внатрешната страна од насловната страна на сите телефонски именици.

За да пријавите дете или младо лице кое е изложено на опасност од повреда заради злоставување или запоставување, телефонирајте на

**Телефонската линија за помош на DoCS 132 111**
**TTY 9633 7698**
**www.community.nsw.gov.au**

June 2006